# СПОРЕД ВЛАДИНИТЕ НАЈАВИ, ПОЧНУВА ДА ФАЌА ПРИКЛУЧО



ГРАДЕЖНИШТВОТО МОРА ДА БИДЕ МЕЃУ НАЈГОЛЕМИТЕ ПРИОРИТЕТИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА МАКЕДОНСКИОТ ИЗВОЗ

# СТРАНСКИТЕ И ГО НАДМИНАА ГОД

**Владата најавува дека цврсто е определена да изгради поволен економски систем, кој ќе биде стимулативен за инвеститорите, без оглед дали станува збор за странски или за домашни, бидејќи нив првенствено ги привлекува здравата деловна средина. Но, преголемата оптовареност со нив не смее да биде на сметка на проектирањето решенија за иднината, на креативниот пристап и ангажман, што е особено значајно на ниво на претпријатијата. Притоа, треба да се има активен пристап кон двонасочност на инвестирањето во меѓународни релации, значи не е доволно да се ориентираме кон привлекување странски инвестиции кај нас, туку и наши фирми, а особено оние кои веќе се мултинационални според сопственичката структура, да инвестираат во странство.**



Пишува: **Арсен КОЛЕВСКИ**

Според најновите податоци, странските директни инвестиции во Македонија за првите шест месеци од оваа година го надминале нивото на годишниот просек на странски инвестиции кои од нејзиното осамостојување до сега влегле во земјава.

"Ако го измерите нивото на странски директни инвестиции во Македонија и ако ги исклучиме големите приватизации како ЕСМ и Македонски телекомуникации, само во првите шест месеци од годинава длабоко е надминат годишниот просек на странски инвестиции кој Македонија го имала од осамостојувањето, така што ова ќе биде најдобра година поврзана со странските инвестиции", изјави деновиве владиниот портпарол Ивица Боцевски.

Според него, привлекувањето странски инвестиции е сеопфатен стратешки зафат кој вклучува повеќе институции.

"Она што не го согледуваме е тоа дека постои определен временски лак меѓу презентацијата на земјата, меѓу потенцијалниот интерес на инвеститорите, како и одлуката која треба да ја донесат. Овој временски лак го поминуваме за одредени странски инвестиции, но останува борбата на Владата да ја прикаже Македонија токму како потенцијално исклучително место за инвестирање", истакна Боцевски.

## ПОТВРДА

Седмицата која измина во Македонија ќе остане запомнета по признанието кое нашата држава го доби за најдобар економски развоен регион. Имено, престижниот меѓународен Институт за транспортен менаџмент на Македонија ѝ го додели признанието "Најдобар европски економски развоен регион" за 2008 година, соопшти директорот на Агенцијата за странски инвестиции, Виктор Мизо.

"Република Македонија, по рангирањето како четврти реформер во светот од страна на Светска банка и по пофалбите за економскиот напредок во Извештајот на Европската комисија, со ова доби уште една потврда дека реформите кои ги спроведува Владата се во вистинска насока", изјави Мизо.

Со доделувањето на ова признание Институтот директно ги повикува неговите членки да ја земат предвид Македонија при носењето одлуки за инвестиции. За признавањето нè номинирале шест компании-членки на Институтот за транспортен менаџмент што, како што рече Мизо, досега никогаш не се случило за ниедна земја.

"Во текот на наредната година тие ќе вршат интензивна кампања за промоција на Македонија пред своите членки, а сè тоа ќе го претставуваат самоиницијативно и бесплатно", посочи директорот на оваа Агенција.

**За жал, кај нас сè уште недостасува транспарентност на институциите, постои слаб развој на економијата, а еден од поголемите проблеми по кои сме препознатливи во очите на инвеститорите од странство се корупцијата и неефикасното и бавно судство.**

**Инвеститорите очекуваат овде да најдат стабилна средина. Стабилна не само во поглед на ниски даноци туку и ниско ниво на корупција, и транспарентност, односно нивна комбинација. Во тој поглед не постои област на која Македонија треба да се фокусира за влез на странски инвестиции, туку треба да работи на унапредување и на привлекување инвеститори во сите области.**

# ЕКОНОМСКИОТ РАЗВОЈ НА МАКЕДОНИЈА К СО РАЗВИЕНИТЕ ЗЕМЈИ

**Како доказ дека во Македонија се подготвува "терен" за нови инвестиции е и навалата на инвестициони советници, како најнова професија во Македонија.**
**"Сметаме дека со инвестиционите советници ќе се зголеми информираноста на јавноста, како и на акционерите за состојбите на пазарот на капитал, со што би се надминала една огромна пречка со која досега се соочуваа потенцијалните инвеститори кога немаа кој да ги посоветува каде да вложат. Навалата за инвестициони советници која е регистрирана во изминатиов период го потврдува фактот дека пазарот на капитал во државава се покажува како зрел и дека инвестиционите аналитичари се реална потреба", велат од Комисијата за хартии од вредност.**
**Меѓу кандидатите кои ја завршија обуката имаше и активни брокери, вработени во Берзата, во пензиските фондови, во банки, во компании, но и млади образовани кадри кои имаат намера да се специјализираат токму во оваа бранша.**



## ПРЕМИНУВАЊЕТО ОД ЛОН ПРОИЗВОДСТВО КОН СОПСТВЕНИ МАРКИ ЗНАЧИТЕЛНО ЌЕ ГО ЗАЈАКНЕ МАКЕДОНСКИОТ НАЈЗАСТАПЕН СТОПАНСКИ СЕКТОР - ТЕКСТИЛНИОТ

# НВЕСТИЦИИ ИШНИОТ ПРОСЕК

На новинарското прашање во однос на вкупните странски инвестиции во првите шест месеци од годинава, директорот Мизо одговори дека тие изнесуваат околу 150 милиони евра. Ова признание на Република Македонија ќе ѝ биде доделено на 26 овој месец во Лондон. Во Институтот членувале повеќе од 17.500 производители и сервисери од транспортната индустрија во светот, меѓу кои и најголемите производители на автомобили, а наградата се доделува веќе 30 години, уште од времето на формирањето на Институтот.

## ПОТТИКНУВАЊЕ

Во оваа насока е и Програмата за поттикнување инвестиции во Македонија од 2007 до 2010 година. Цел е Македонија да стане поволна бизнис дестинација, држава која ќе умее да ги искористи своите компетитивни предности. Инвестиционата политика, промоцијата и олеснувањето на инвестициите, даночната и трговската политика, спречувањето корупција и интегритет во деловното работење, политиката за заштита на конкуренцијата, регулаторната реформа на деловното работење, човечкиот капитал и корпоративното управување, се приоритетните области опфатени со Програмата, изјави неодамна министерката за економија Вера Рафајловска.

Документот содржи насоки за надминување на бариерите кои го ограничуваат инвестирањето и препораки за заокружување на прилагодувањето на законската регулатива кон меѓународно прифатените стандарди, а се базира на Индексот на инвестициски реформи на ОЕЦД, што е клучна алатка за споредбена анализа на земјите во регионот.

"Подобрената бизнис клима ќе помогне да се зголеми конкурентноста на земјата и да се привлечат повеќе домашни и странски инвестиции. Во таа насока во изминатиот период Владата презема низа активности, го зајакна институционалниот капацитет за инвестирање, значајно го подобри бизнис опкружувањето со реформите во даночната област и со воведувањето бесцарински пристап на европските пазари и ја реализира промотивната кампања 'Инвестирајте во Македонија'", истакна Рафајловска.

Колку за илустрација, анализите на Европската агенција за реконструкција покажаа дека најпривлечни области за инвестирање во Македонија се земјоделството, преработката на храна, индустријата за автомобилски делови, информатичката технологија, знаењето и медицинските помагала.

Нагласувајќи го значењето на странските инвестиции особено за малите држави, амбасадорот на ЕУ, Ерван Фуере, констатира дека во последните 16 години Македонија не успеа максимално да ги искористи бенефитите од надворешните вложувања.

"Особено загрижувачки е недостигот од т.н. гринфилд инвестиции во повеќето сектори, кои се движечка сила на економскиот развој", оцени Фуере.

Тој порача дека Македонија мора да работи на подобрувањето на законодавството, особено во делот на бизнис работењето, на реформите во судството, на владеењето на правото, на успешното спроведување на структурните реформи, на јакнењето на банкарскиот сектор, на развојот на инфраструктурата, како и на либерализацијата на пазарот. Според него, клучно за привлекување, почнување и за одржување бизниси е намалувањето на бирократските процеси, што во Македонија, како што посочи, веќе се спроведува.


